РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1747/6
27-04-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 66-тата седница одржана на 21.04.2022 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-1747/1 од 28.04.2021 година, оформен по доставена пријава за службеното лице ///, министер за образование и наука во моментот на поднесување на пријавата, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1747/1 од 28.04.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на познат подносител на ден 28.04.2021 година поднесена е пријава за службеното лице ///, министер за образование и наука во моментот на поднесување на пријавата, и оформен е предмет број 12-1747/1 од 28.04.2021 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за исплата на средства од страна на Министерството за образование и наука за платформа за учење која според изнесеното во пријавата не била користена од страна на учениците, кои, според наводите, во образовниот процес ја користеле бесплатната алатка Microsoft Teams.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за прибирање информации до Министерството за образование и наука (МОН) и до Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ).

Врз основа на извршениот увид во доставените одговори, утврдена е следната фактичка состојба:

Образовниот процес во Република Северна Македонија се спроведува преку Националната платформа за учење од далечина, развиена и имплементирана како единствена дигитална платформа за спроведување на онлајн наставата и учењето во сите јавни основни и средни училишта во земјата.

Истата била ставена во употреба од почетокот на учебната 2020/2021 година, а е развиена од страна на ФИНКИ во соработка со МОН. Според одговорот од МОН, во платформата се инкорпорирани неколку компоненти, и тоа Microsoft алатките Teams,

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

OneDriveOneNote и Outlook, и системот за менаџирање на учењето Moodle, и истите овозможуваат асинхрона и синхрона настава и учење, тестирање на постигнувањата на учениците, електронска комуникација помеѓу корисниците во затворен систем, како и размена на податоци и материјали во рамки на поодделни одделенија, односно класови, и нивно зачувување во облак.

Според одговорот од ФИНКИ, истиот бил вклучен во поставувањето на Националната платформа за учење од далечина во соработка со МОН, со давање на техничка и кадровска поддршка. Решението кое било развиено од страна на ФИНКИ и воспоставено во соработка со МОН било бесплатно. Согласно одговорот, Факултетот бил вклучен во поставувањето на платформата од страна на факултетот како општествено одговорна јавна институција без да наплати никоков надомест. Притоа, не биле склучени договори со надворешни страни за набавката и развојот на софтвер, и следствено, Факултетот по таа основа нема побарувања, обврски, реализирани уплати и исплати.

Според одговорот од МОН, Министерството не поседува образовни платформи. Имено, образовните платформи Едуино и Е-библиотека се развиени со финансиска поддршка на УНИЦЕФ, а се сопственост на Бирото за развој на образованието.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: А.Р.М.
Одобрил: К.Н., член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик-претседател
Нури Бајрами